40

МАКЕДОНСКИ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ „ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ“

Прилеп, 3-10 јуни 2005

# БИЛТЕН Бр. 1

05.06.2005

## *ЧЕТИРИЕСЕТ ГОДИНИ МЛАДОСТ!!!*

Македонскиот театарски фестивал „Војдан Чернодрински” – Прилеп годинава го прославува својот четириесетти роденден. Почнат како Театарски игри во Прилеп, кои имале за цел да бидат показател за најдобрите театарски претстави во Македонија, ја задржал таа традиција до денес, и затоа еве, на својот роденден има дваесет и пет претстави во две конкуренции, промоции на театролошка литература објавена меѓу два фестивали, разговор со драмскиот писател Јордан Плевнеш, ден посветен на нашиот писател Благоја Ристески-Платнар, кој годинава замина кон вечноста. Овој пат, Билтенот што со своите четири броја ќе го следи фестивалот е конципиран како информативен, но и забавен бележник – сопатник на Фестивалот. Во секој број ќе не следат постојани рубрики, кои ќе информираат, но и во чест на јубилејот ќе не потсетуваат на минатото. Мислите кон минатото не се со цел да изгледаме како *крути* мемоари, туку од денешна перспектива да го видиме сето она што го направило овој Фестивал да истрае со години. Првиот број е посветен на отворањето, но и на првите два дена фестивал. Тимот што го подготвува Билтенот Ви посакува *добри ветрови* при следењето на Фестивалот!



## *ФЕСТИВАЛОТ Е ОТВОРЕН*

Трети јуни 2005 година. Прилеп. Триесетина минути по дваесет часот. Отворање на Четириесеттиот по ред МТФ „Војдан Чернодрински” - Прилеп. Воведниот збор на отворањето пред Центарот за култура „Марко Цепенков” - Прилеп го имаше Претседателот на Собранието на Фестивалот – Кирил Ристоски. Потоа, Домаќинот - Градоначалникот на Прилеп, господин Марјан Ристески пред отворањето на Фестивалот ги покани гостите: актери, режисери, граѓаните на Прилеп да влезат во театарскиот храм и со тоа по четириесетти, јубилеен пат ги отвори вратите на прилепското гостопримство како покровител на оваа значајна театарска манифестација.

ПРВ ПАТ НАГРАДАТА ЗА ЖИВОТНО ДЕЛО Е ДОДЕЛЕНА ВО 1986 ГОДИНА... ПРВ ДОБИТНИК НА НАГРАДАТА ЗА ЖИВОТНО ДЕЛО Е АКТЕРОТ ЉУБИША ТРАЈКОВСКИ

Градоначалникот на овој начин ја поздрави публиката: *Артистот е минлив, но за среќа театарот е вечен. Во Македонија имаме театарска уметност со европски вредности. Прилеп*



*е град на театарот. Седум дена тој живее со духот на божицата Талија. Фестивалската завеса се крена и во наредните денови ќе се случуваа своевидна „бајка" за моќта на уметноста да минува само низ нејзиниот занес. Артистите ќе бидат понесени од суштината на својата професија, занесот и вербата дека со убавина од човековата душа може да се протера злото, дека она што тие го прават е единствено важно и вистинито, дека Театарот сепак го менува светот. Фестивалската приказна „штиците што значат живот" започна во далечната 1965 година и ни понуди до денес прекрасна бајка.* (Изводок од обраќањето на Градоначалникот г-дин Марјан Ристески)

Во салата на Центарот за култура пред почетокот на претставата, присутните гости ги поздрави проф. Кирил Ристоски – претседател на Собранието на МТФ, Уметничкиот директор на Фестивалот – г-дин Ѓунер Исмаил, кој ги додели наградите за животно дело, а фестивалот за отворен го прогласи Министерот за култура на Р.Македонија – г-дин Благој Стефановски:

*Секоја година, веќе 40-ти пат по ред, почетокот на јуни во градот под Марковите кули, е време кога Прилеп живее во знакот на театарот, време кога целиот град се претвора во голема сцена на која може да се проследи она што е пресек на театарските случувања во тековната сезона...*



*Оваа година, кога нашите актери, драматурзи, режисери се здобија со значајни признанија за нивните настапи на меѓународните фестивали, што секако претставува значаен чекор во меѓународната афирмација на македонската театарска уметност, верувам дека сепак, на сите нив им се особено драги и значајни признанијата и наградите што се доделуваат токму на Фестивалот „Војдан Чернодрински".*

*Уверен сум дека непосредниот контакт и размената на креативната енергија со една публика што има изострен вкус за вистинските вредности и која знае да ги препознае и да ги награди носителите на овие вредности, претставува една од најголемите сатисфакции за сите оние што ја обликуваат магијата на театарот...*

(Извадоци од *Поздравното обраќање на отворањето на 40.Македонски театарски фестивал „Војдан Чернодрински"*)

## ПЛАКЕТИ И БЛАГОДАРНОСТ ЗА ТЕАТРИТЕ

**Собранието на МТФ „Војдан Чернодрински" за својот 40 годишен јубилеј на сите професионални театри во Македонија им доделува плакети. Плакетите се израз на благодарност за придонесот на театарските куќи за растежот на Фестивалот.**

ВО 1987 ГОДИНА НАГРАДАТА ЈА ДОБИЛ ИЛИЈА МИЛЧИН, ПЕТРЕ ПРЛИЧКО И ТОДОР НИКОЛОВСКИ ЈА ДОБИЛЕ НАГРАДА ЗА ЖИВОТНО ДЕЛО ВО 1988 ГОДИНА



## *НАМЕСТО ПРЕПОРАКА*
## *Од Уметничкиот директор*

Четириесеттиот Македонски театарски фестивал „Војдан Чернодрински”-Прилеп го доби Ѓунер Исмаил, долгогодишен пријател на театарот за свој уметнички директор. Неговиот текст како поздрав за Фестивалот и неговите приврзаници, Билтенот ви го проследува во целост. И редно е!

*Театарот е во криза. Тоа ми го велеа и сеуште ми го велат многумина. Мислам дека и утре ќе ми ја раскажуваат истата приказна. Да, да, знам, Ви благодарам на укажувањето. Така е веќе цели две и пол илјади години. Така им велеле на сите кои, на овој или оној начин, се доближувале до театарот, терани од сосема недефинирана, нејасна, ама сепак - љубопитност. Сите знаеле, ако станува збор за некакво знаење, а и ние денес знаеме, дека Таму, во Театарот, нештата се случуваат под крајно чудни, сомнителни, или со омилените ни зборови речено-кризни околности. Па што? Ви се молам, од моментот кога таткото на сите актер(к)и-Теспис, од страв, се впрегнал да ја влече неговата двоколка, мислите дека на тие кои што биле присутни, им било јасно за што станува збор! А како да не се уплаши? Великиот Солон, прилично недолично за еден мудрец и политичар од формат, сосема невнимателно, сметал дека гласно треба да го изрази неговото чудење за тоа дека некој-сега и овде-се обидува да му каже нешто, на сосема невообичаен начин! Барем бил искрен. Одтогаш па се до денес е така. Никогаш никому, до крај, не му станало јасно што и зошто сето тоа се случува сега и овде, пред нас кои пак доброволно сме пристанале да гледаме, да учествуваме и безмалку стануваме соучесници. Кои се Тие луѓе кои пред нас, зборуваат зборови кои не се нивни, одат по патеки кои тие не ги одбрале, играат според музика која, не секогаш, им ја растреперува или смирува душата? Кои се Тие луѓе кои, дури и кога сакаат да ни кажат дека животот има крај, се способни тоа да го сторат, како да им се случува ним! Како тоа се прави? Зошто? Тоа се прашањата кои, како метафизички товар, небаре Тесписовата двоколка е машина за патување низ времето, низ две и пол илјадите години, се струполуваат пред секој којшто и денес влегува во Театар за да ја сподели радоста, тагата, среќата, ама и рамнодушноста! Со оние кои, играјќи му ги соопштуваат пораките на некои познати, помалку познати, или непознати луѓе. Луѓе, за кои со сигурност знаеме дека биле способни со мајсторското редење на зборовите, на речениците да создадат многу нови животи, нови светови, многу соништа.*

*Но, со Театарот е така. Со никогаш до крај, еднаш за секогаш, одговорени прашања, тесписовата двоколка се тркала, носејќи ги во себе сите знаења и тајни, сите радости и таги, сите остварени и неостварени копнежи на илјадниците кои биле доволно добри и храбри да состават збор, реченица, нов живот, нов свет, да го преобликуваат постоечкиот, за да тие неколку мига, минути, саати, се стекнат со духовни собраќа, сопатници на долгиот пат.*

*Така ќе биде и во наредните денови овде! Синовите и ќерќите на Теспис, ќе бидат со Вас. По четириесетти пат! Да бидете безгрижни. Тие не знаат за кризата на театарот, а нема ни да дознаат. Всушност, нема никогаш да посакаат да знаат! Имав прилика да ги видам сите, да поседам, да разговарам со нив. Да бидам соучесник. Ги видов како, со искреност којашто не може да се сокрие, излегуваат на сцената и го украсуваат театарскиот чин, со чесност! Доблест за која сите ние мислиме дека одамна ја снемало и дека никогаш повеќе нема да никне! Само тоа е сосема доволно, не само да не зажалите, туку и да сте среќни за минутите и саатите кои ќе ги поминете со нив-таму и тогаш!*

*А потоа? Потоа пак ќе биде криза!*

## ЗА ФЕСТИВАЛОТ ОДБЛИЗУ

***(Први Театарски игри)***

Почеток: од 4 до 9 јуни 1965 година во Прилеп

Учествуваат шест театри, и тоа од: Прилеп, Битола, Куманово, Штип, Струмица и од Титов Велес.

Жирито во состав: **Илија Милчин** - претседател, **Цветанка Јакимовска** и **Александар Едов**-членови реши најдобро театарско остварување да биде претставата ***Ужалена фамилија*** на Народниот театар од Битола.

***(Илија Милчин, еден од основачите на фестивалот)***

Во книгата *Разговори со Милчин* од авторот Цане Андреевски, Илија Милчин познат пред се како драмски актер, режисер, професор на ФДУ, но и како интеклектуалец чиј јавно искажан збор се слушал со внимание, говори за неговиот активен однос и неговото учество во основањето и развојот на МТФ „Војдан Чернодрински".

> Во тие сеќавања Милчин вели: *Тогашниот управник на театарот Михајло Михајлоски Муљазим и Рампо Конески-актер од Прилеп дојдоа во Скопје кај мене, а јас тогаш бев секретар на Здружението на драмските уметници на Македонија, да бараат поддршка да се формира тој фестивал и да биде во Прилеп. Јас застанав цврсто зад тој став. Зошто? Не, затоа што сум прилепчанец или од инает, туку затоа што ниеден град во Македонија, освен Скопје, кога одевме на турнеи, немал подобра публика за многу тешки претстави, класични-Шекспир, Островски, Молиер, Ибзен, Крлежа, како што имаше во Прилеп. Никаде поубаво не поминувале. Театарската традиција во Прилеп е стара. Уште од 19 век. Сме го имале Анастас Љутвиев, кој преведувал од француски Молиерови дела. Затоа и си реков: Или Прилеп, или никаде! И претседател на првото жири бев јас. Потоа поминаа години. Се менуваа и претседатели и членови на жирија. На чело на Фестивалот беше и Благој Иванов. Дојде време кога беше избран и Коле Чашуле, но подоцна го избраа за претседател на Стериино позорје. И така дојдов јас за претседател на Фестивалот во најнезгодно време. Кога немаше скршен динар и така осум години. Меѓутоа, само прилепскиот инает ме натера да издржам.*
>
> (Андреевски, 2001: 207-208)



***(Кирил Ристоски, претседател на Собранието на Фестивалот, запрашан на отворањето на Фестивалот, денот е 3 јуни 2005г.)***

*Ние сме сега и овде по 40-ти пат. Меѓу нас се и доајените на театарската уметност чие дело е трајно вградено во нашата мисловна меморија. И како луѓе и како уметници, ја имаме обврската од една страна за респект и достојна почит кон оние кои твореле пред нас и со своите болки, егзалтации и трауми ги втиснале длабоко во штиците што живот значат и оставиле сулни траги, а од друга страна обврска да им овозможиме на новите генерации што доаѓаат да се најдат себе си во овие јалови времиња, но и да не заборавиме на вечната обврска и должност кон публиката.*

# Г Л Е Д А В М Е

## • Во петок:



По четириесетти пат во Прилеп, како и секоја година од 1965 до денес, започна театарската магија која ќе не пленува наредните денови. Пред Центарот за култура „Марко Цепенков”, на трети јуни градот Прилеп ги поздрави и гостите и публиката за заедно да го проследат и ова издание на Македонскиот театарски фестивал „Војдан Чернодрински” и да го проследат она што е најдоброто во театарската уметност во земјава, се разбира.

И како што е вообичаено на почетокот пред Центарот за култура се случи перформанс. Во режија на Зоја Бузалковска, студентите од трета година по актерска игра на Факултетот за драмски уметности во Скопје, од класата на професорот Кирил Ристоски, изведоа дел од испитната претстава „Орестија” од Есхил.

*Претстава по повод отворањето на Фестивалот:*



Блаже МИНЕВСКИ
***СОВРШЕНСТВО ИЛИ СМРТ***

Режија: Владо ЦВЕТАНОВСКИ
Сценографија: Владо ЃОРЕСКИ
Костимографија: Благој МИЦЕВСКИ
Музика: Тоше ПОП СИМОНОВ
Асистент на режија: Игор ТРПЧЕСКИ

Актери:
Кирил РИСТОСКИ – Старецот Силјан
Мими ТАНЕВСКА – Старицата Ангелина, мајка
Игор ТРПЧЕСКИ – Кузман Силјан
Андријана БОШКОСКА – Марија, негова свршеница
Најдо ТОДЕСКИ – Цветко
Андон ЈОВАНОСКИ – Петко
Марјан ЧАКМАКОСКИ – Војводата, историска личност разочарана од својот народ
Димитар ВАНДЕСКИ – Ѕено предавникот, судбински јунак
Цветанка ЧАВЛЕСКА – Ѕена, негова жена
Лидија ИВАНОСКА – Неда
Александар ТОДЕСКИ – Крали Марко, епски јунак
Благоја СПИРКОСКИ-ЏУМЕРКО – Итар Пејо, фолклорен јунак
Александар СТЕПАНУЛЕСКИ – Црна Арапина, јунак без причина
Зоран ИВАНОСКИ – Александар Македонски, император
Марина ПОП ПАНКОВА – Змејот, чувар на изворот на бесмртната вода
Наташа НАУМОСКА – Елена бор садила, кормилар на гемија
Марија СПИРКОСКА – Аџи Клак-Клак, инструктор по летање
Трајче ИВАНОСКИ – Попот-Распоп
Димитар ЃОРЃИЕВСКИ – Одличен партизан, опеана личност
Винета ДАМЧЕСКА – Ѓурѓа Самовила
Катерина ЧАКМАКОСКА – Сонце
Јасмина МИЦОВСКА – Месечина
Димитар ЦРЦОРОСКИ - Гаваз
Никола НАСТОСКИ – Гаваз
Огнен ЈАНЕСКИ – Гаваз
Веронија НОЛЧЕСКА – Самовила
Димитрина МИЦКОСКА - Самовила

## *За претставата, отпосле*

БЛАЖЕ МИНЕВСКИ, автор

*„Совршенство или смрт" апсолутно содејствува со јубилејот на фестивалот. По еден период на растеж на една нација, култура, на еден народ треба да се постават високи критериуми за да може да се направи уште повеќе. Претставата зборува за македонските високи критериуми на совршенство на кои се базира опстанокот на цел народ. Македонците кога не можеле да се одбранат со оружје, се брането со совршенство. Во смисла на: нашите фрески (ангелот од Курбиново), иконостасите, резбарските школи, со нашата совршена поема* **Сердарот**. *Со сето тоа кореспондира претставата. Тој код македонски треба да се надградува, зашто нашите идеи понекогаш завршувале катастрофално, некои неразбрани, некои непротолкувани на правилен начин. Прекрасна е Гоцевата идеја за културен натпревар на народите, но во ваков свет во кој живееме, народите многу малку имаат време за културен натпревар. Затоа ние ја враќаме старата македонска идеја од 18. век за совршенство или смрт. Се надевам дека и за манифестациите ќе говориме во таков контекст. Затоа инсистиравме претставата да не биде во конкуренција за со пораката и насловот да кажеме што мислиме и за Фестивалот и за нашата држава, за нашата состојба. Не е само Европа идеја, туку поважни се нашата истрајност и корените како совршенство за да се зачуваме и одбраниме на овој простор.*

ВЛАДО ЦВЕТАНОВСКИ, режисер

*Претставата има свој јазик, содржина, јубилејот е повод. Јас се обидувам да го изразам расположението во кое денес живееме. Во еден таков свет, во едно такво време какво што е. И во такви ситуации кога не знаеме што да правиме, ги прашуваме старите, нашите претци. А тие знаат да одговорат. Оттука ќе произлезат патиштата и стремежите за опстојување. Преку совршенството.*

НАЈДО ТОДЕСКИ, актер:

*Мислам дека претставата покажа дека сета историја и животот ни се една иронија. Од она што ние како артисти го гледавме „од другата страна" публиката го чувствуваше текстот играта, иронијата, се читаше на моменти и себеси и мислам дека тоа беше успешно заради екипата од 28 актери меѓу кои 15-тина се млади луѓе, седумина од нив се студенти на ФДУ, а исто толку чекаат да се запишат.*

ИГОР ТРПЧЕВСКИ, актер:

*Како што вели самата претстава:* ***Љубовта е чудесна работа и несовршеното го претвора во совршено****. Се надевам дека таа идеја е доволна за да засвети во душите на сите кои имаат „срце", кои си ја сакаат татковината, работата, зашто тогаш ќе живееме во една посреќна средина, со подобро расположение, без оптоварување од политика и економски проблеми.*

Билтенот сакаше да дознае за што беа вистинските солзи на актерот во ликот на Кузман Силјан, а одговорот е овој: *Љубов, Љубов, Љубов! Не од мака, не од жал, туку од радост, има надеж!*

МИМИ ТАНЕВСКА, актер:

*Првпат за отворањето на Фестивалот се прави, специјално се подготвува една претстава, тоа за мене е значајно во моментов и тоа е добро да се прави и понатаму. Тоа што честа му припадна на градот домаќин е исто така многу добро, мислам дека имавме добра претстава. Не треба да заборавиме дека никој од нас не е еднаш засекогаш во театарот, тука сме да го продолжиме тој континуитет што тече и мислам дека втора битна работа е вклучувањето на една млада екипа, заедно со нас повозрасните и мислам дека товарот беше врз нив и одлично се снајдоа.*

АЛЕКСАНДАР СТЕПАНУЛЕСКИ, актер:

*Големо нешто е кога се спојува енергијата меѓу младите и возрасните и кога таа енергија е искрена и тоа се виде во претставата. Мене лично во претставата ми се допаѓа нејзината визуелизација, сликите со кои се претставени нештата, текстот ни ја донесе денешната ситуација, случувањата кај нас, но сликите се подобриот дел од претставата. Мислам дека публиката ја сфати пораката* **Совршенство или смрт** *во секоја смисла, и ако овде беше насочена кон нашата земја, народот, татковината, мислам-Совршенство или смрт во секоја ситуација!*

## СЛОБОДАТА КАКО СОВРШЕНСТВО

Впечатлива визуелност обликувана со сценографија, музика и голем број актери е првиот впечаток за претставата на прилепскиот ансамбл. Видлива е големата умешност на режисерот да има контрола на сите елементи, вклучувајќи го и текстот на Блаже Миневски. Потребата да се бара совршенството како слобода на размислувањето и воопшто како смисла на постоењето не е прва опсервација на автор. Овој пат Миневски се задржува на кодот на еден народ, македонскиот, не одбегнувајќи ги историските „грешки" што ги правел, ниту се срами од нивното истакнување. На помош се повикани сите негови јунаци и антијунаштва кои сепак не оттргнуваат од основната определба: да се побара бесмртноста но во што : дали тоа е на крајот љубовта како потсетување дека тој народ има вредности кои ги заборавил на патот на себеослободувањето. Иако на неколку места не е одбегната дневнополитичката опсервација, но пораката е една: совршенството е тоа што ослободува. А од смртта не се бега. Режисерското водство на претставата измамува бројни аплаузи на публиката. Совршено за почеток на Фестивал, на белег за четири децениски јубилеј.

Гледавме-претстава која публиката ја засака на прв поглед. Неколкупати аплаузи на отворена сцена, погледи во програмчињата чија е музиката, некој се распрашуваше за кореографијата Прекрасна визуелизација, реплики кои болат длабоко во душата, зашто со многу самоиронија говорат за нас самите, за нашата историја, обичаи, навики, политиката и состојбите. Но, надеж има и тоа е она што не прави среќни.

- **Во сабота:**

***ФОТОГРАФИИ*** прва претстава од *офф* програмата



Детскиот театарски центар на Фестивалот ја изведе претставата *Фотографии*, работена по текст на Селвиназе Абази, во режија на Владимир Милчин и актерите: Гордана Ендровска - Мајката, Борјан Крстевски-Шпенд, Соња Стамболџиоска-Блерта и Лејла Демири.

### *За претставата, отпосле:*

БАЈРУШ МЈАКУ, директор на продукција на Детски театарски центар:

*Овој текст е една од репертоарските претстави на Детскиот театарски центар, кој работи претстави на три јазици: македонски, албански и турски.И оваа претстава е дел од нашиот проект-летна школа за драматурзи. Наскоро оваа продукција ќе понуди уште две претстави,а бидејќи работиме мултијазично и мултикултурно, планираме и куклена претстава за деца.*

ВЛАДИМИР МИЛЧИН, режисер

*Јас веројатно се приближувам во оние години во кои човек сакал-нејќел станува по малку сентиментален. И никогаш сум немал толку трема како за оваа претстава бидејќи не сум правел никогаш претстава за деца, а ова е малку специфична таа е повеќе за нивните родители, има во неа многу тага, но има и некоја рамнотежа завршува со хумор. Искрено, ми беше многу задоволство, а неверојатно беше колку мали деца со огромно внимание ја следеа претставата, навистина бев изненаден.*

***ДУХОТ НА СЛОБОДАТА*** од Војдан Чернодрински и Горан Стефановски, во режија на Мартин Кочовски, Дејан Пројковски и Деан Дамјановски, продукција на Народниот театар од Битола. Во претставата играат: Борис ×оревски - Димо, Ратка Радмановиќ – Баба Ленка, Мартин Мирчевски - Тодор, Елена Моше - Вета, Огнен Дранговски - Маноил, Габриела Петрушевска - Слободата, Јулијана Мирчевска - Темјана, Стеван Петровски - Дете.

Сценографија - Ненад Ждеро, костимографија - Благој Мицевски, музика - Оливер Јосифовски, сценски движења - Александра Хонг



***За претставата, отпосле***

МАРТИН КОЧОВСКИ, ДЕЈАН ПРОЈКОВСКИ И ДЕАН ДАМЈАНОВСКИ, режисери:

*Драмата во еден чин* ***Духот на слободата*** *е еден од ретките текстови којшто е допишан. Самата пиеса оригинална е од Војдан Чернодрински, додека другите два дела се допишани од Горан Стефановски во 2003 година. Беше интересно зошто тројцата тргнавме да ја реализираме претставата. Тоа е затоа што има неколку теми кои го интересираат човештвото и неколку теми, вклучително и слободата, кои како доаѓаат новите генерации треба да се одговорат. Нас на тројцата како млада генерација ни беше интересно да разговараме, да дебатираме на тема: слобода. Првиот дел (го работеше Мартин Кочовски) е основната композиција, другите два дела: сегашноста и иднината се џез варијантни на истата тема. Основното прашање беше што е слобода и мислиме ли сите на иста работа кога го изговараме зборот. Целиот процес понуди повеќе одговори и заблуди за она што е слобода или што мислиме дека е. Претставата не е учебник за слобода, нејзината задача беше да отвори некои прашања: што е поважно поединецот или колективот или што ние како нација на што ќе типува? Дали на колективната среќа или несреќа или ќе биде борба на индивидуата? Сите заедно констатиравме дека имаме што да си кажеме, иако како сценски јазик носиме различности (не не сврзува иста театарска естетика). Она што не спојува е нашиот различен пристап кон сцената и затоа беше интересна нашата работа.*

ОЛИВЕР ЈОСИФОВСКИ, композитор

*Одлично поминавме. Малку имавме проблеми со звучниците. Сепак многу убаво поминавме. Првиот дел е каубојски. Музички кажано е моно, вториот е идеален, а третиот е дива атмосфера. Многу ми се допадна реакцијата на публиката која има око за добри претстави.*

ОГНЕН ДРАНГОВСКИ, актер

*Публиката секогаш различно реагира. Првпат ја игравме претставата пред толку голем аудиториум, бидејќи во Битола се игра во малата сала. Бевме загрижени дали ќе се покрие бројноста на публиката. Се испадна добро. Гледавме да го привлечеме нејзиното внимание и го добивме. Задоволен сум од соработката со тројцата режисери. Исто како да работев со тројцата најдобри тенори. Во трите едночинки ликот е ист, со истите имиња само се во различно време и простор, со ист, но и различен проблем. Проблемот е како да се биде слободен.Заклучокот е дека нема слободен човек. Има само слободен миг. Човекот е слободен во еден момент. И му треба затвор за да биде слободен.*

ДУХОТ НА СЛОБОДАТА е претстава во која се споени два текста. Првиот дел од Војдан Чернодрински пишуван пред 100 години и на вториот и третиот дел дополнет пред две години од Горан Стефановски. Двата дела на Стефановски се коментар на оригиналната драма и ликовите се изградени врз дадените ситуации од Чернодрински. Ваквиот пристап на пишување придонесува за посебното сценско претставување што го направија тројцата режисери Кочовски, Пројковски и Дамјановски. Секој според својот специфичен естетски израз, но сепак сите три чина делуваа како една целина во кои трае потрагата по слободата. Тројцата даваат свои видувања на тоа што е слободата, и како таа да се доживее. Заедничко визуелно решение би рекле е решението на сценографијата и на костимографијата.

И на полноќ,

Перформанс ***OUCH-COUCH***,  Центар за нови иницијативи во уметноста и културата



Изведувачи: Искра Шукарова и Данило Мандиќ
Композитор и избор на музика: Дарија Андовска
Кореограф: Искра Шукарова
Идеја и визуелно обликување: Искра Шукарова и Дарија Андовска
Костимографија: Искра Шукарова и Данило Мандиќ

### *За перформансот, отпосле*

ИСКРА ШУКАРОВА, автор на перформансот

*Многу ми е драго што сме дел од Фестивалот со претставата **Ouch-couch**. Се работи за екипа која соработува подолго време за реализација на проектот. Освен мене во реализацијата учествуваше и Дарија Андовска, композитор и Данило Мандиќ, изведувач. Зошто ми е драго? Заради тоа што ова е танцов перформанс и се бави со јазикот на телото повеќе отколку со текст, но тоа не значи дека нема приказна. Имаме пластичен кауч кој јас и мојот партнер го користиме за место на средба. Ситуациите кои се создаваат низ целата претстава помеѓу нас и каучот се оставени на слободно толкување на публиката.*

ДАНИЛО МАНДИЌ, изведувач:

*Целата претстава се базира на тензија меѓу двајца. Ова за мене е прво искуство.Беше возбудливо и напорно во позитивна смисла. Зборовите понекогаш моде да ладат, но двидењата не. Насловот содрди извик за болка, а кауч е избор на авторот Шукарова, односно е игра на зборови поврзана со еден кауч које објект меѓу нас двајцата.*

OUCH-COUCH е приказна за спротивностите. Приказна меѓу мажот и жената, за љубовта и одбивноста., за местополжбата, да се биде овде или онде. И кога го губиме од рацете она што го имаме го побаруваме, го сакаме. А животот не чека, пулсира. Перформансот тера на размисла и додека изведувачите со игра на тело, а без зборови ја интерпретираат замислата-милион мали приказни и прашалници кај публиката. и секој во својот свет, во своето сфаќање и размисла. Без зборови со игра на тело и сето засилено со музика. За на крајот се да почне од почеток и гумениот душек кој разидува да почне повторно да спојува.

**Требаше да** ја гледаме и изведбата на претставата ***ФИЛОКТЕТ*** по текст и во редија на Љубиша Георгиевски. Меѓутоа, на втори јуни во 13 часот и пет минути од театарот стигна факс, кој во оригинал изгледа вака:



НОВ ДРАМАТИЧЕН ТЕАТЪР "СЪЛЗА И СМЯХ"
София - 1000, ул. "Г.С.Раковски" № 127, тел.: 00359 2 988 06 81
Факс: 00359 2 987 36 14 e-mail: office@salzaismiah.com тел.: 00359 2 989 06 47
о с н о в а н 1 8 9 2

ДО
Г-Н КИРИЛ РИСТОСКИ
ПРЕДСЕДАТЕЛ НА
МТФ "В.ЧЕРНОДРИНСКИ"
ГР.ПРИЛЕП
Р.МАКЕДОНИЯ

УВАЖАЕМИ ГОСПОДИН РИСТОСКИ,

Въпреки всички усилия, които положихме, не успяхме да осигурим участието си на Вашият Фестивал.

Срещнахме сериозни трудности в осигуряването на транспорта за краткото време, с което разполагахме. Освен това, сме принудени да предприемем незабавни действия по отстраняване на неотложни проблеми, свързани с противопожарното и общо аварийно състояние на сградата, в която се помещава театъра ни.

Искрено се надявам, че в бъдеще ще имаме възможност за ползотворно сътрудничество.

Пожелавам успех на Фестивала!

С уважение,

Бойко Богданов
Директор

А, во превод на македонски јазик, гласи вака:

*Нов драматичен театар „Солзи и смеа" - Софија*

*До*

*г. Кирил Ристоски, Претседател на МТФ „В.Чернодрински"- Прилеп*

*Почитуван г.Ристоски,*

*Наспроти сите наши напори, не успеавме да го обезбедиме нашето учество на Вашиот Фестивал. Се судривме со сериозни тешкотии во обезбедувањето на просторот за толку кратко време. Освен тоа сме принудени неодложно да се осигураме против пожари и општо безбедносна состојба на зградата, во која се наоѓа театарот. Искрено се надевам дека во иднина ќе имаме можности за соработка.*

*Му посакувам успех на Фестивалот!*

*Со Почит,*

*Бојко Богданов*

*Директор*

1996 - НАГРАДАТА ЗА ЖИВОТНО ДЕЛО ЈА ДОБИЛЕ КИРИЛ ЌОРТОШЕВ, НАДА ГЕШОСКА И ЉУТВИ СЕЈФУЛА

## *ОД ДРУГАТА СТРАНА . . .*

Ја прашавме публиката за претставите што ги гледавме

За претставата ***СОВРШЕНСТВО ИЛИ СМРТ***

*За мене отворањето на Фестивалот беше спектакулрано. Огнометот ме посети на детството. Што се однесува до претставата, навистина убава претстава. Добра игра на младите актери кои се полни со енергија.*

*Извонредна изведба на текстот на Миневски. Импресивна сценографија и одлична игра на актерите.*

*Штета што оваа претстава не влезе во официјална конкуренција. Не ми е познато зошто, но јас бев воодушевен од сликите и пораките во претставата. Едноставно уживав.*

За претставата ***ДУХОТ НА СЛОБОДАТА***

*Претставата ми прозвучи страшно и вистинито-особено оној дел кој е пишуван за иднината-Македонија во 2103 година. Заради актуелноста на текстот секогаш би му се навратил и би го направил поинаку од она мое режисерско видување на текстот на Чернодрински во 2001г. Јас го имам режирано само текстот на Чернодрински, а сега вториот и третиот чин се допишани од Горан Стефановски.* (Кирил Петрески, режисер)

*Претставата беше одлична и очекував дека ќе биде одлична со оглед на тоа што години наназад битолскиот театар знае да се докаже. И се докажа и овој пат.*

*Ние Македонците се пронајдовме во претставата. Но и во 2103 пак ќе биде исто-решетките! Ми се допадна режијата, сето беше супер.*

За перформансот ***OUCH-COUCH***

*Изведбата беше феноменална. Посебно Искра многу ми се допадна.*

*Го доживеав чудно. Допрва треба да размислам што беше поентата.*

*Необично и ново.*

*Љубовта е секогаш иста.*

# ОД НАС ЗА НАС

***Овде ќе ги сретнете мислите на учесниците, публиката, организаторите за Фестивалот, за јубилејот, за ...***

Алеко Протогеров, актер и еден од основачите на Фестивалот

*Како да ви кажам... Тоа е голема возбуда, да се биде со почетокот на овој Фестивал. Во тоа време се организиравме преку Здружението на драмските уметници на Македонија. Ни беше потребен еден таков фестивал, да ги одмереме нашите сили во однос на квалитет, репертоар и сето тоа што го носи. Можеби во првите години тоа изгледаше многу наивно, но пријдовме со голем ентузијазам кој го носевме во себе, со одговорност бидејќи театарскиот живот ни недостасуваше. Ни требаше една таква смотра за да видиме до каде сме дојдени и со квалитет и со репертоар и на естетски план. Еве ги дочекавме тие 40 години пак да се најдеме на истото место, во истиот град. Тогаш бевме организирани преку тоа Здружение на драмските уметници на Македонија. Отворен беше конкурс кој град ќе даде најдобри услови, за нему да му припадне организацијата. Со тек на време се спомнуваше Театарските игри да бидат дислоцирани во други градови. Но, поголемиот дел застанавме на тезата дека Прилеп е организатор, се покажа како добар домаќин и така да остане. Уште повеќе на тоа се надоврза и патронот, Војдан Чернодрински и уште повеќе се зацврсти местото на одржување да биде Прилеп. Публиката беше и останува посебна, благородна, со нетрпение ги очекуваше игрите. Горд сум што ги дочекав 40 те години на Фестивалот. Поголем број од основачите ги нема: Бранко Илиевски - новинарот, Кире Стефаноски, потпретседател на општинското собрание, па Михајло Михајлоски – Муљазим, па Рампо Конески, Цане Настески....*

Љубица Жежоска-пензиониран суфлер, ревносен проследувач на Фестивалот од неговиот почеток.

*Театарот и фестивалот ми се во крвта. Не можам без нив и се додека можам ќе доаѓам на претстави. Веќе петнаесет години како официјално се разделив од оваа професија, но суштински не. И годинава ќе ги следам претставите, а особено се радувам од се срце дека Фестивалот бележи јубилеј и наместо честитка ќе речам: Да се живи и здрави сите, да дочекаат како мене да ги гледаат претставите во салата, не зад завесите и на сцената, зашто театарот е едно семејство од многу работници кои се гледаат и не се гледаат. Публиката незнае колку труд се вложува во една претстава иако многумина мислат или велат-лесно ви е вам, со смеење пари вадите. Кога се работи една претстава тоа е како да се копа рудник од кој треба да се пронајдат и да се црпат убавини, доживувања и чувства, се праќаат пораки до гледачите, за поубав свет, за укинување на се што е лошо и нечовечно. Ве поздравувам сите со полна душа*

Васил Костов, сценограф

Еден тивок човек прилепчанец кој цел живот го посветил во театарот како сценограф, Фестивалот „Чернодрински" упорно го следи на еден поинаков начин. Васил Костов ги портретира гостите, актерите, режисерите, творците, воопшто. Години по ред, Васил Костов со молив во раката и парче хартија го доловува фестивалот низ цртеж некојпат и карикатуира пренесувајќи една поинаква атмосфера, нешто што е надвор од конвенциите, од наместените разговори, протоколарности. Без да го гледаат, некаде од агол, размислува за луѓето присутни на Фестивалот, ги пренесува нивните психолошки набои, некои карактеристики кои навидум се обични или пак нетипични.

*Немам* – вели, *точна бројка, колку портрети, скици или карикатури сум изработил, но интересно е дека некојпат кога сум инспириран од некоја ситуација, кога ќе забеледам нешто интересно, лик, картактер, ситуација, сум го пренесувал и на салфетка во бифето, а како алат неретко ми служел и талогот од кафето. Тоа има некоја убавина, едноставно, тоа ми претставува задоволство.*








1998 - НАГРАДАТА ЗА ЖИВОТНО ДЕЛО ЈА ДОБИЛЕ РИСТО СТЕФАНОВСКИ, БЛАЖЕ АЛЕКСОСКИ И МУШЕРЕФ ЛОЗАНА

# *ДА НИ СЕ ЖИВИ И ЗДРАВИ*



ВЕРА ВУЧКОВА, актер

*Да говори човек за театарот, тоа значи да говори за својот живот. Откако влегов во театарските води, поминаа 60 години. Стапнав како девојче кое штотуку завршило гимназија. Моето хоби требаше да ни стане професија. За тоа големо влијание имаше самото време во кое живеевме. Јас сум генерацијата која, веднаш по ослободувањето требаше да се вклучи во изградба на дрдавата. Многу од моите другари станаа учители во селата и градовите, а јас имав среќа да бидам во Скопје, во театарот. И не само во првата претстава во МНТ, во „Платон Кречет" кога ја изговорив првата реплика на македонски* **Колку е блиску сонцето**, *јас сум била меѓу првите и на овие Театарски игри, тогаш така беа, кога учествував со ансамблот на МНТ. Тогаш скопските театри играа вон конкуренција. Многу сум среќна што ја добивам наградата сега, кога и „Војдан Чернодрински" слави јубилеј – 40 години постоење.*

Фестивалот имаше чест за свои добитници на Наградата за животно дело на овој јубилеен фестивал да има две дами и еден господин на македонскиот театар. Македонската актерска дама – ВЕРА ВУЧКОВА – која ја имала привилегијата од сцената на Македонскиот народен театар далечната 1945 година, во месец април да ја изговори првата реплика на македонски јазик, (тогаш кога јазикот се уште не бил унифициран) во првата претстава *Платон Кречет*. Репликата гласи: *КОЛКУ Е БЛИСКУ СОНЦЕТО!*

Да, госпоѓа Вера, Сонцето е се уште во вашите раце. Уживајте!!!

ЕЛЕНА ДОНЧЕВА – костимограф:

*Секоја награда е добредојдена.Се надевам дека тука не е крајот на мојата професија, но сепак е едно заокрудување на досегашното мое творештво. Во секоја претстава за која сум изработила костими е вложен голем труд, голем е бројот на претставите со многу костими каде е вложена драгоцена енергија. Кај нас не постојат професионални работилници за изработка на костими, самите работници кои работат со нас на тој начин се едуцираат и се надоградуваат со наша помош. А таа соработка е многу битна.*

*Но, за жал, ние се затворивме и мала е можноста да дојдат повеќе претстави од други земји, а и и ние се поретко излегуваме на меѓународна сцена за да направиме паралела до каде сме со костимографијата. Транзицијата на нашето општество многу долго трае и критериумот е опаднат.Тоа е жалосно за младата публика која доаѓа и не може да создаде мислење за тоа што е*

*добро, а што е под нивото. Се повеќе имаме нешколуван кадар кој работи во оваа професија. Тоа не значи дека не се талентирани, туку недостасува соодветна едукација, наобразба. Кај нас нема академија за применета уметност, има во Белград и во други држави. Тоа е голем проблем. Ние сме талентирано поднебје и во областа на сликарството, книжевноста, на музиката, но едукацијата е многу битна. Па и во костимографијата.*



Втората дама на македонскиот театар ќе ве потсети на своето присуство уште со влегувањето во фоајето на Домот „Марко Цепенков" на отворањето на Фестивалот. Таа во својата долгогодишна кариера ги направила претставите поубави, помистични, покопнежливи со своите костимографии. Тие костимографии во бројка која заслудува внимание 400!!! – четиристотини!!! – ЕЛЕНА ДОНЧЕВА ги создала инспирирана од големата љубов наречена ТЕАТАР! Меѓу големиот број награди, можеби најголемата е онаа кога имате чувство дека костимографот успеал со костимот на актерот да му помогне во креацијата на ликот. Затоа, и најголемата награда е внатре во и од театарот! Очекуваме уште многу прекрасни визеулни партитури!

ДУШАН НАУМОВСКИ, режисер

*Големо е задоволството и во себе ја носам возбудата за оваа награда. Мојот од низ театрите во Македонија се круниса со оваа награда. Сум работел со сите наши теататри и со театрите од Ниш, Приштина. Но некои работи се изменети, зашто, мислам, дека порано на театарот и уметноста се гледаше со други очи, со поголема почит спрема она што се создава во театарот. Денеска имаме многу причини да ги анализираме состојбите.*

*Мора да се каде дека македонскиот, како дел од европскиот театар, во естетска смисла е на високо ниво: и во избор на теми, режисерски и актерски решенија. Многу ми е драго што припаѓам на еден таков театар. Тој можеби не го менува светот, ама создава услови да се предупреди светот, да им се укаже на луѓето каде уметноста цели, какви се нејзините намери и зошто уметноста ја прави душата побогата и севкупното духовно и културно живеење на еден народ.*

*Се уште имам директен контакт со театарот и со филмот. Еве, првпат кажувам дека напишав една телевизиска драма и една сценаристичка предлошка за телевизиски филм. Еден настан ме поттикна на тоа за и јас да го земам перото в раце. Можеби тоа ќе го дадам на колега или ако ми се даде прилика, јас ќе режирам.*

Театарскиот вљубеник, телевизискиот импресарио, радио поклоникот или со едно име режисерот ДУШАН НАУМОВСКИ е третиот добитник на Наградата за животно дело на Фестивалов. Во својата кариера режирал многу и во театар, и на телевизија, и тоа серии, драми, емисии од разни области, култни програми на кои и денес се сеќаваме, и на радио – режирајќи драми за деца и возрасни, емисии од домашни и странски автори.

За направеното многу за македонскиот театар, за режиите на сите професионални сцени во Македонија, едно големо *Благодариме* и се разбира чекаме да не изненадите!

2000 - НАГРАДАТА ЗА ЖИВОТНО ДЕЛО ЈА ДОБИЛ Е АЛЕКСАНДАР АЛЕКСИЕВ, АНТОАНЕТА КОВАЧЕВИЌ, АЛЕКО ПРОТОГЕРОВ И ЉУПКА ЏУНДЕВА

# ***ХРОНОЛОГИЈА***

## Фестивалот низ годините

**1965:** Учествуваат шест театри, и тоа од: Прилеп, Битола, Куманово, Штип, Струмица и од Титов Велес. Жирито во состав Илија Милчин, претседател и Цветанка Јакимовска и Александар Едов реши најдобро театарско остварување да биде претставата *Ужалена фамилија* на Народниот театар од Битола.

**1966:** Покрај шесте театари, на Игрите доаѓаат Театарот на народностите и вон конкуренција Македонскиот народен театар и Младинскиот детски театар.

Не е доделена наградата за најдобро театарско остварување.

**1967:** Први дилеми оваа година дали да се одржат Театарските игри и дали Прилеп и натаму да биде домаќин? Формиран е Одбор за организација на Игрите: Кире Стефаноски (потпретседател на општинското собрание), Димче Стефаноски, Драги Топчиевски, Драги Димоски, Ѓоре Напески, Бранко Илиевски, Михајло Михајлоски, Рампо Конески, Данчо Колодегоски и Димче Атанасоски. Познати се пропозициите со кои на најдобрата претстава и се доделува МЕРМЕРНА СТАТУА СО ЛИКОТ НА БОЖИЦАТА ТАЛИЈА. Најдоброто остварување е претставата *Разбојници* - Народен театар - Битола.

**1968:** Стивнуваат гласините за селење на Игрите. Прилеп останува домаќин со најава Игрите да станат традиција. Сепак според мислењата потфрла квалитетот на Четвртите Театарски игри. Критиката нагласува дека традицијата треба да се збогатува и да се освежува. Мермерната статуа за најдобро остварување е за претставата *Вујко Вања* на Народниот театар од Куманово.

**1969:** Мал Јубилеј – Петти Театарски игри - Игрите бараат поголеми финансиски средства, и театрите да учествуваат со текстови од домашни автори. Скопските театри и натаму учествуваат надвор од конкуренција. Жирито решава најдобро театарско остварување да биде претставата *Смеа низ сокаците* на Струмичкиот театар. На публиката не и се допаѓа одлуката на жирито.

**1970:** Одборот решава Театарските игри да се одложат за една недела (од 22 до 29) поради Светското првенство во Фудбал во Мексико. Ќе се доделува само една мермерна статуетка, а другите награди се парични. Па, статуетката ја добива претставата *Од главата си патиме* на Народниот театар од Прилеп.

**1971:** Игрите добиваат свој тек. Ништо не се менува во пропозициите. Најдоброто театарско остварување е претставата *Сите мои синови* на Народниот театар од Куманово.

**1972:** Забелешки за Осмите Театарски игри кои не носат современ македонски театарски текст. Се одржуваат разговори на тркалезната маса. Мермерна статуа со ликот на божицата Талија годинава добиваат две претстави: *Тутунски пат* на НТ „Антон Панов" – Струмица и *Цена* на Народниот театар од Прилеп.

**1973:** Уште во почетокот на годината се подготовките за новото издание на Игрите. Се формира Програмско-уметничка комисија со Иван Мазов, Иван Ивановски и Бранко Илиевски. Ќе се грижи за репертоарот. Одборот за организација решава да се доделуваат единствени награди и задолжително да се издава БИЛТЕН со редакциски одбор. Се бараат дополнителни финансиски средства од Републиката. Препорака до театрите: да бидат застапени македонските драмски автори, посебно на наредното 10. Јубилејно издание. Ако има пари да се поканат најдобрите театри од СР Србија и СР Хрватска. Игрите да го одбележат со изложба на фотографии јубилејот 50 години уметничка дејност на Петре Прличко. Всушност, Игрите добиваат придружни манифестации. Најдоброто театарско остварување е претставата *Смртта на Тарелкин* на Струмичкиот театар.

**1974:** Одборот за организација на ТИ поради реконструкција на зградата на Прилепскиот народен театар , одржувањето на Игрите да го одложи за наесен. Но ни тогаш работите не се завршени, па се донесува одлука Јубилејните 10. Театарски Игри да се одржат наредната 1975 година. Тогаш да има повеќе придружни манифестации, тетрите да постават претстави на текстови од домашни автори и да се издаде алманах.

**1975:** Јубилејот одбележан со претстави на текстови од домашни автори. Статуетката за најдоброто остварување е за претставата *Векутума века или Житие Адамово* на Народниот театар од Струмица. Се доделуваат награди за најдобар текст на современа домашна драма: *Потоп* и *Измама* од Бранко Пендовски. Повелби за посебен придонес и афирмација на Театарските игри добиваат: Коле Чашуле, Кире Стефаноски и постхумно за Борис Стефановски.

*За **1976** година во следниот Билтен*

## *КРАТКИ ВЕСТИ...*

### *Од Билтенот за нашата публика, поздрав*

*Не знаев дека растојанието од фотелјата во која седев до микрофонот толку е големо, така што доаѓајќи на сцената заборавив што сакав да кажам* -Душко Наумоски, добитник на Наградата за животно дело, на отворањето на Фестивалот.

Кога на Димитар Вандески, еден од повозрасната генерација актери во Прилепскиот театар, му честитаа за успешно изведената претстава „Совршенство или смрт„ каде го толкува ликот на Ѕеко предавникот-судбински јунак, тој наместо благодарам им рече – *Ете, дека најдоходовна работа во оваа држава е да се биде кодош* - колку да се знае.

Верувале или не, а тоа со години не му се случило, Џумерко за претставата „Совршенство или смрт" требаше да си залепи вештачки мустаќи. А каков Итар Пејо ќе биде без мустаќи. А неговите беше ги избричил (??!!) не од што сакал, оти тие со години се негов заштитен знак, ами во прашање е честа.

- *Загубив на облог. И кај најдов, ни помалку, ни повеќе, да се обложам во мустаќите. Ама бев сигурен дека сум во право. Но, работата излезе бош. Требаше да се бричам. Чест е во прашање, ами како. Си појдов дома вечерта и додека не сум се премислив, ги збришав со бричот. Ќерка ми се „отепа" во тажење. Небаре некој умре, пу, скраја да е. Но, што е - тука е. Сега чекам да израснат новите,* објаснува Џумерко и додава*: Следниот пат ќе си се обложам во јадење и пиење. Ем ќе си каснам и ќе се напијам, ем мустаќите ќе си бидат на место.*

Дека состојбите во културата се тешки е добро и од поодамна познато.Но, дека работите се дотука сиромашното образование да помага на театарот и тоа сега го разбравме. За потребите на претставите, Гимназијата „Мирче Ацев" и основното училиште „Климент Охридски" ги отстапија на користење своите ЛЦД проектори. Наместо коментар – кој вели дека Прилепчани не живеат за Фестивалот.

Режисерот Владо Цветановски, онака задоволен и со многу искажана чест за претставата и од обичните гледачи и неговиоте театарџии (а не само од оние кои тоа го работат по протокол), на коктелот во хотелот „Липа" даде и неколку потписи за семестар за негови студенти.

Актерот Трајче Иваноски, кој во претставата „Совршенство или смрт" играше еден развратен и лаком поп, кога ја подготвувал ролјата со диктафон пошол в црква за да сними од пеењето кое требало да го вежба за претставата. Кога на пробите го пуштал „снималото" на Владе-режисерот толку му се допаднала идејата, што решиле попот „плеј-бек" и без пари да пее во претставата. Не е познато дали вистинскиот поп доби влезница да го гледа Попот-распоп.

# ЌЕ ГЛЕДАМЕ

Недела, 5 јуни:

На пладне, Национална институција Театар за деца и младинци – Скопје ја игра претставата од Васил ПУЈОВСКИ - **КРАЛОТ КУСКУЛЕ ПРВИ**

Режија: Коле АНГЕЛОВСКИ
Сценографија: Љубомир ЧАДИКОВСКИ
Костимографија: Александар НОШПАЛ
Музика: Љупчо МИРКОВСКИ
Кореографија: Ана ЛЕВАЈКОВИЌ
Лектор: Елица ИНАДЕВСКА

Актери:
Јасмина МИЦОВСКА - Шашле од Зашле
Ѓокица ЛУКАРЕВСКИ - Кралот Кускуле Први
Елена ТРАЈКОВСКА - Кускуленица од Трпејца
Драган ДОВЛЕВ - Кучин од Бучин
Тања КО×ОВСКА - Паца од Маца
Предраг ПАВЛОВСКИ - Каж Зинилаж
Катарина ИЛИЕВСКА - Анче од Јанче
Владимир ЛАЗОВСКИ - Бум Думдум

Инспициент: Ѓурко СТОЈАНОВСКИ

Во 19.30 часот, Национална установа Центар за култура - Театар „Антон Панов" – Струмица ја игра претставата од Николај Васиљевич ГОГОЉ: **ЖЕНИДБА**

Режија: Гаро АШИКЈАН
Сценографија: Милена ПАНТЕЛЕЕВА
Костимографија: Милена ПАНТЕЛЕЕВА
Музика: Гаро АШИКЈАН

Актери:
Тинче РИСТЕСКА - Агафија Тихонова
Ангелина ТРЕНЧЕВА - Арина Пантелејмонова
Зора ГЕОРГИЕВА - Фиокла Ивановна
Ванчо ВАСИЛЕВ - Поткаљосин
Кољо ЧЕРКЕЗОВ – Кочкарјов
Крсте ЈОВАНОВСКИ - Кајгана
Бранко БЕНИНОВ - Анучкин
Васил МИХАИЛ - Жевакин
Кирчо ЃОРЃИЕВ - Стариков
Ален НАНОВ - Степан

Суфлер: Ѓорѓи ВАСИЛЕВ
Инспициент: Љупчо ФИЛЧЕВ
Реквизитер: Благој ГРНЧАРОВ
Светло мајстор: Љупчо РИЧЛИЕВ

Во исто време, на сцената на Народниот театар од Битола се игра претставата во офф-програма на Турскиот театар - Скопје

Вилијам ШЕКСПИР
**БУРА**

Режија: Александар ПОПОВСКИ
Сценографија: Благој МИЦЕВСКИ
Костимографија: Благој МИЦЕВСКИ
Музика: Кирил ЏАЈКОВСКИ

Актери:
Бедиа БЕГОВСКА - Просперо
Несрин ТАИР - Калибан
Филиз АХМЕТ - Ариел
Тамер ИБРАХИМ - Себастијан
Атила КЛИНЧЕ - Антонио
Мустафа ЈАШАР - Гонзало
Салаетин БИЛАЛ - Алонсо
Елјеса КАСО - Фердинанд
Сузан АКБЕЛГЕ - Миранда
Џенап САМЕТ - Тринкуло

Во 22.00, Национална институција Центар за култура „Трајко Прокопиев" – Куманово
Народен театар – Куманово

Алексеј СЛАПОВСКИ
**ВИШНОВАТА ГРАДИНКА**

Режија: Владимир МИЛЧИН

Сценографија: Крсте С. ЏИДРОВ
Костимографија: Марија ПУПУЧЕВСКА
Музика: Марјан НЕЌАК
Дизајн на плакат: Крсте С.ЏИДРОВ

Актери:
Рефет АБАЗИ – Азалканов
Јасмина ВАСИЛЕВА – Невестата
Кети ДОНЧЕВСКА-ИЛИЌ - Рањаева
Горан ИЛИЌ - Воткин
Сашко КОЦЕВ - Минусинскиј
Жаклина СТЕФКОВСКА - Елена
Драгиша ДИМИТРИЕВСКИ - Розов
Љупчо ХАЏИ СТОЈАНОВ - Џон Даунз
Стојан ВЕЛКОВ - Саша
Александра ПЕШЕВСКА - Маша
Ивица ДИМИТРИЈЕВИЌ - Васењка

И на полноќ: Народен театар – Битола

Милорад ПАВИЌ
**ЗАСЕКОГАШ И ДЕН ПОВЕЌЕ**
Режија: Мартин КОЧОВСКИ

Сценографија: Валентин СВЕТОЗАРЕВ
Костимографија: Благој МИЦЕВСКИ
Музика: Марјан НЕЌАК
Превод: Благоја РИСТЕСКИ -Платнар

Актери:
Менка БОЈАЏИЕВА - Мајката; Продавачката
Соња ОШАВКОВА - Софија; Анастасија
Јулијана МИРЧЕВСКА - Првата сестра; Душата
Илина ЧОРЕВСКА - Втората сестра; Калина
Мартин МИРЧЕВСКИ - Петкутин
Иван ЈЕРЧИЌ - Телото; Лајтнант
Огнен ДРАНГОВСКИ - Кир Бранковиќ
Деан ТРАЈКОВСКИ - Аваркие Скола

Инспициент: Мирослав ЛАЗАРЕВСКИ
Суфлер: Радојка ДИМЕСКА
Светло мајстор: Илија ДИМОВСКИ

Во Понеделник, 6 јуни

Во 19.00, Турски театар - Скопје ја игра претставата на Азиз НЕСИН:

**АЗИЗНАМЕ**
Режија: Јуџел ЕРТЕН

Адаптација: Јуџел ЕРТЕН
Асистент на редија: Елјеса КАСО
Сценографија: Јуџел ЕРТЕН
Костимографија: Јуџел ЕРТЕН

Актери:
Џенап САМЕТ
Несрин ТАИР
Сузан АКБЕЛГЕ
Селпин КЕРИМ
Мустафа ЈАШАР
Елјеса КАСО
Салаетин БИЛАЛ
Тамер ИБРАХИМ

Организатор: Рамадан ИБРАХИМ
Суфлер: Фејхан АХМЕТ
Инспициент: Абдурахман РАХМАН
Тон мајстор: Фахредин БУШИ
Светло: Орхан МЕХМЕТ
Координатор: Џанан АЛИ-ЏУМКАР

Во 21.00, Национална установа Македонски народен театар - Драма

Овен МЕК КАФЕРТИ
**СЦЕНИ ОД ЖИВОТОТ**
Режија: Филип ЛЕ МОАН

Сценографија: Благој МИЦЕВСКИ
Костимографија: Благој МИЦЕВСКИ
Превод: Марија ЏОНС
Асистент на редија: Александра КАРДАЛЕВСКА

Актери:
Кирил АНДОНОВСКИ – Семи Ленон
Катина ИВАНОВА – Бето Ленон
Владимир ЈАЧЕВ – Џо Хајнс
Александра ПЕШЕВСКА – Мејв Хајнс
Ѕвездана АНГЕЛОВСКА – Шарон Лутер
Александар МИКИЌ – Хари Фогерти
Камка ТОЦИНОВСКИ – Кони Дин
Снедана КОНЕВСКА-РУСИ – Тереза Блек
Емил РУБЕН – Дејв Блек
Чедо КАМЏИЈАШ – Френк Коин
Јордан СИМОНОВ – Роби Малан
Нино ЛЕВИ – Шенкс О‘Нил
Кирил КОРУНОВСКИ – Боби Торбет
Сузан АКБЕЛГЕ – Хелен Вудс
Оливер МИТКОВСКИ – Пол Фогарти
Никола ПРОЈЧЕВСКИ – Боб Тагерт
Филип ТРАЈКОВИЌ – Свиз Мердок
Борче НАЧЕВ – Купер Џонс
Јелена ЈОВАНОВА – Мери Литл

Асистент-инспициент: Виктор РУБЕН
Суфлер: Зорица БЛАГОЕВСКА

И на полноќ, Национална институција Центар за култура „Трајко Прокопиев” – Куманово
Народен театар - Куманово

Еден ЈОНЕСКО

**КРАЛОТ УМИРА**
Режија: Дејан ПРОЈКОВСКИ

Сценографија: Владо ЃОРЕСКИ
Костимографија: Александар РАШКОВИЌ
Музика: Горан ТРАЈКОВСКИ
Кореографија: Александар ИЛИЕВ
Анимација: Александар ГЕЛЕВСКИ; Александар ТАСЕВСКИ

Актери:
Горан ИЛИЌ - Кралот Беранже I
Александра ПЕШЕВСКА – Кралицата Маргарита
Јасмина ВАСИЛЕВА - Кралицата Марија
Сашко КОЦЕВ - Кралски доктор
Горан ЈОВАНОВСКИ - Стражарот

Инспициент: Антонио ПЕШЕВСКИ
Суфлер: Љубинка ПЕТКОВСКА
Тон мајстор: Оливер ИЛИЕВСКИ
Светло мајстор: Звонимир МИЦЕВСКИ

# *ЛИЧНА КАРТА НА ФЕСТИВАЛОТ*

40 МАКЕДОНСКИ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ ІВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИг Ђ ПРИЛЕП

Собрание на МТФ:
Кирил Ристоски - претседател
Стојан Дамчески, Љупчо Ѓорѓиевски,
Горан Илиќ, Адем Карага, Трајче Кацаров,
Атила Клинче, Младен Крстевски,
Ванчо Мелев, Бајруш Мјаку,
Љупчо Петрушевски, Силвија Стојановска,
Љубомир Чадиковски

Извршен одбор на МТФ:
Кирил Ристоски - претстедател
Љупчо Ѓорѓиевски - член
Трајче Кацаров - член
Атила Клинче - член
Силвија Стојановска - член

Секретар на МТФ:
Стојан Дамчески

Уметнички директор: Ѓунер Исмаил

Жири:
м-р Русомир Богдановски, драмски писател
Љубиша Георѓиевски, режисер
Бајруш Мјаку, актер

Жири за *офф програма:*
м-р Иван Додовски, театарски критичар
Искра Гешоска, театарски критичар
м-р Ана Стојаноска, театролог

Технички секретар: Љупчо Тодоровски

Уредник на Билтен:
м-р Ана Стојаноска

## *НЕ ПРОПУШТАЈТЕ:*

Во следниот број Ђ За *Денот посветен на творештвото на БЛАГОЈА РИСТЕСКИ-ПЛАТНАР* Човекот што ја афирмира својата лична поетика и естетика, која е и матична и мајкина, и народска и архаична и со секој свој збор се повеќе го оттиснува духот на македонската семилост. Драмскиот опус на Благоја Ристески-Платнар (5 март 1949 Ђ 20 октомври 2004, Прилеп) главно се идентификува низ односот кон темите што ги обработуваше во своите драми. Тие се без исклучок од македонското милје, од македонската историја, но и политика. Во неговите драми се вградени митови, легенди, обичаи. Важна компонентна на драмите на Ристески е во јазичниот исказ кој се изразува низ авторовото внимание, откривање, применување и истражување во богатото милје на македонскиот говорен јазик. Во своите творби користеше зборови или изрази врз кои паднал правот на заборавот, ги чистеше, ги вградуваше во своите драми тие заборавени богатства на македонскиот јазик и низ стихувана форма во драмскиот текст...

2005 - НАГРАДАТА ЗА ЖИВОТНО ДЕЛО ЈА ДОБИЛЕ ВЕРА ВУЧКОВА, ЕЛЕНА ДОНЧЕВА И ДУШАН НАУМОВСКИ

**ЗА ПРВ ПАТ ОВАА ГОДИНА БИЛТЕНОТ ЌЕ ГО ИМАТЕ ДОСТАПЕН И НА ИНТЕРНЕТ СТРАНИЦАТА НА ФЕСТИВАЛОТ**
**www.mtf.com.mk**

Билтен на 40.МТФ IВојдан Чернодринскиг - Прилеп

За издавачот: Кирил Ристоски

Уредник: м-р Ана Стојаноска

Новинари: Елизабета Ангелеска-Атанасоска, Елизабета Митреска, Каролина Мицевска и Светлана Ристеска.

Користени материјали: Театролошка дата база на Институтот за театрологија при ФДУ-Скопје, Градска библиотека Прилеп и Архивата на Фестивалот

Фотографии: Милан Темелкоски и фотографии од Театролошката дата база на Институтот за театрологија при ФДУ-Скопје

Печат: IТирексг - Прилеп

Прилеп, 05.06.2005г.

Македонски театарски фестивал
IВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИг - ПРИЛЕП
Дом на култура IМарко Цепенковг
7500 Прилеп
тел: (048) 40 16 30 или 42 55 20
факс (048) 40 16 31
e mail: mtf_vc@mt.net.mk
www.mtf.com.mk